50 – 1621/4
12 02 2021

Архивски знак: ____
Рок на чување: ____
____ 20 ____ год.
Потпис

Врз основа на член 70-в став 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), министерот за култура донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА НОВИ ОБЈЕКТИ И ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА, САНАЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА ПОСТОЈНИТЕ ОБЈЕКТИ ШТО ГИ КОРИСТАТ НАЦИОНАЛНИТЕ УСТАНОВИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2021 ГОДИНА

1. Во Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2021 година бр. 50-14213/4 од 31.12.2020 година, во точка 2 табелата се менува и гласи:

„

| Ред. бр. | Опис на активноста | Носител на активноста | Износ на финансиски средства |
|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на објект наменет за НУ Турски Театар во Скопје | НУ Турски Театар - Скопје | 27 000 000,00 денари |
| 2. | Изградба на нов објект наменет за театар и библиотека во Тетово | НУ Центар за култура „Иљо Антески – Смок“- Тетово | 89 500 000,00 денари |
| 3. | Изградба на „Стар театар“ во Струмица | НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Струмица | 27 000 000,00 денари |
| 4. | Изведба на работи за реконструкција на објект на НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово, зграда на театар | НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев“ - Куманово | 10 000 000,00 денари |
| 5. | Изведба на работи за реконструкција на објект на НУ Центар за култура „Бели | НУ Центар за култура „Бели Мугри“ - Кочани | 10 000 000,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Мугри“ - Кочани | | |
| 6. | Изведба на работи за реконструкција на објект на НУ Центар за култура „АСНОМ“ – Гостивар | НУ Центар за култура „АСНОМ“ – Гостивар | 10 000 000,00 денари |
| 7. | Обезбедување на проектно - техничка документација за реконструкција на објектот на НУ Музеј на Република Северна Македонија - Скопје | Министерство за култура | 6 000 000,00 денари |
| 8. | Обезбедување на проектно - техничка документација за реконструкција со доградба и надградба на објектот на НУ Центар за култура „Марко Цепенков“ – Прилеп, со цел за обезбедување на простор за потребите на театарот | НУ Центар за култура „Марко Цепенков“ - Прилеп | 6 000 000,00 денари |
| 9. | Обезбедување на проектно - техничка документација за реконструкција на објектот на НУ Центар за култура „Антон Панов“ - Струмица | Министерство за култура | 5 500 000,00 денари |
| 10. | Обезбедување на проектно - техничка документација за реконструкција на објектот – Мала станица, на НУ Национална Галерија на Македонија - Скопје | Министерство за култура | 5 500 000,00 денари |
| 11. | Изведување на завршни работи за објект Театар во Велес | Министерство за култура | 3 000 000,00 денари |
| 12. | Изведба на дополнителни системи за ладење во технички простории во објект на НУ Национална филхармонија - Скопје | Министерство за култура | 4 000 000,00 денари |
| 13. | Изведба на систем за гасификација на објектот на НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев“ - Куманово | НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев“ - Куманово | 2 300 000,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14. | Изведба на санација на системот за греење на објектот – Мала Станица при НУ Национална Галерија на Република Северна Македонија - Скопје | НУ Национална Галерија на Република Северна Македонија - Скопје | 1 200 000,00 денари |

"

2. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на веб страницата на Министерството за култура, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Министерство за култура
Министер,
Ирена Стефоска

Образложение

Министерството за култура ја донесе Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2021 година бр. 50-14213/4 од 31.12.2020 година. Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука бр. 40-186/1 од 5 јануари 2021 година, со која се даде согласност на оваа програма. Одлуката е објавена во Службен весник на Република Северна Македонија, а Програмата е објавена на веб страната на Министерството за култура.

Министерството за култура со Програмата за изменување на програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2021 година, врши измена само во делот на носителот на проектните активности во точките под реден број 4, 5 и 8 од табелата во точка 2 од Програмата. Со оваа измена се предвидува проектните активности во точка 4, 5 и 8 од Програмата, наместо да се реализираат преку Министерството за култура истите да бидат реализирани преку самите Национални установи кои се корисници на објектите. Причините за ваквата промена се тоа што, националните установи Центар за култура „Бели Мугри“ од Кочани и Центар за култура „Трајко Прокопиев“ од Куманово проектните документации ги имаат обезбедено самостојно во текот на изминатите години и во Кочани по обезбедено одобрение за реконструкција веќе е започнато со изведба на првата фаза од реконструкцијата, односно извршена е промена на фасада, фасадна столарија и кров. Во однос на проектната активност под реден број 8 установата веќе започнала со активности за изработка на техничката документација неопходна за обезбедување на проектната документација, па од тие причини се врши и промената на носителот на активноста.

Во однос на предвидените проектни активности и предвидените поединечни и вкупни финансиски средства за реализација на Програмата, нема никакви промени и останатите точки од Програмата остануваат непроменети.